СКОПЈЕ
31-08-2018
02-1042/8

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1613
30.08.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Математика-физика и студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Математички науки и примени, Применета математика-математичко моделирање и оптимизација, Применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија, Математичко образование во основно и средно училиште на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1.Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Математика-физика и студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Математички науки и примени, Применета математика-математичко моделирање и оптимизација, Применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија, Математичко образование во основно и средно училиште на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 09-173/25 од 16.07.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1613 од 18.07.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Математика-физика и студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Математички науки и примени, Применета математика-математичко моделирање и оптимизација, Применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија, Математичко образование во основно и средно училиште на Природно-математички факултет, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 1409-186/2, 1409-279/6, 1409-276/3, 1409-276/4 и 1409-276/5 сите од 10.07.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1613 од 30.07.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 06.08.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1613 од 07.08.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми наведени во точка 1 на ова решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: Dr.Agim Rushiti

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
С К О П Ј Е
Примено: 12-07-2018
02-1042/7

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-186/2
10-07-2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 14 седница одржана на 28.06.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма Математика - физика прв циклус студии на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Математика - физика прв циклус студии на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Диломиран професор по математика - физика**
Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички факултет
Научно – истражувачко поле: Математика, Физика
Научно – истражувачко област: 10900, 10300.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Природно - математички факултет, за усвојување на прв циклус студиските програми „Математика - физика", на 13.04.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 9 седница, одржана на 08.05.2018 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 14 седница одржана на 28.06.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски